УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

# З Б О Р Н И К

НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА
„ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА“



ШТИП, 2016

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

**НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА**

**„ ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА “**

(одржана на ден **7.10.2016** година, Факултет за образовни науки, Штип)

2016, Штип

**За издавачот:**
проф. д-р Соња Петровска, декан

**Издавачки совет:**
проф. д-р Блажо Боев
проф. д-р Дејан Мираковски
проф. д-р Кирил Барбареев

**Уредувачки одбор – Editorial Board:**
проф. д-р Снежана Јованова Митковска
проф. д-р Снежана Мирасчиева
проф. д-р Кирил Барбареев
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

**Јазично уредување - Language Editor:**
Весна Ристова (македонски јазик)
м-р Снежана Кирова (англиски јазик)

**Дизајн на корица - Design:**
проф. д-р Никола Смилков

**Техничко уредување – Technical Editing:**
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

37.011.3-051 (082)

ПРЕДИЗВИЦИТЕ и перспективите на учителската професија:
научно-стручна трибина: (одржана на ден 7.10.2016 година, Факултет
за образовни науки, Штип) / [уредувачки одбор Снежана
Јованова-Митковска ... и др.]. - Штип: Универзитет „Гоце Делчев“,
Факултет за образовни науки, 2016. - 136 стр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-244-365-2

а) Учителска професија - Зборници
COBISS.MK-ID 102229002

**СОДРЖИНА**


Предговор ....................................................................................................................6

Снежана Јованова – Митковска
ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ!....................................................................................................7

Оливер Цацков
УЧИТЕЛОТ - ЛИЧНОСТ ШТО ТРЕБА ДА СЕ СЛЕДИ И ПОЧИТУВА...................................12

Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Даниела Коцева, Ирена Китанова
ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ПРОФЕСИЈАТА УЧИТЕЛ ………..............17

Елена Ташкова, Лидија Камчева Панова, Страхил Газепов
ПРЕДИЗВИКОТ НА УЧИТЕЛОТ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО РЕФРАКТОРНИ АНОМАЛИИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП …......................23

Снежана Јованова – Митковска, Билјана Попеска
ЕФЕКТИВНАТА, ЕФИКАСНА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ - ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНКОТ ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ...................................................................29

Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Ирена Китанова
ИНТЕРКУЛТУРНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА .........................................................................37

Елизабета Симоновска
ВОСПИТУВАЧИТЕ И НАДАРЕНОСТА КАЈ ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА .............................42

Весна Димитрова
ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕАТИВНАТА СРЕДИНА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА …………………………………………………….....................................................44

Весна Ничева, Нада Арсова
КРЕАТИВНОСТ ВО НАСТАВАТА ..........................................................................................49

Ирена Китанова, Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Даниела Коцева
МОЖНОСТИ И ФОРМИ НА РАБОТА СО НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ………………………………………………………......................................57

Верица Јосимовска
ИНОВАТИВНИ МЕТОДИ ВО УЧЕЊЕТО И ПРОУЧУВАЊЕТО НА ЧУВСТВИТЕЛНИ И КОНТРОВЕРЗНИ ИСТОРИСКИ ТЕМИ ……………………….............................................62

Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
ФРАЗЕОЛОГИЗМОТ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК – ПРЕЧКА ИЛИ ПРЕДИЗВИК ………………………………………………………………………………………..............................66

Ленче Насев
УЛОГАТА НА СОВРЕМЕНИОТ НАСТАВНИК ВО НАСТАВАТА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ …..........................................................................................................73

Снежана Мирасчиева, Виолета Петкова
СОДРЖИНИТЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО БАЛЕТ ВО ОСНОВНИТЕ МУЗИЧКИ УЧИЛИШТА - ПРЕДИЗВИК ЗА УЧИТЕЛОТ……………………………...................................77

Билјана Попеска, Снежана Јованова – Митковска
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА BRAIN BREAK ВО УЧИЛИШТАТА ВО МАКЕДОНИЈА И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИСКУСТВАТА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ...................................83

Ружица Коштанова, Катица Костова
МОДНИТЕ РЕВИИ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИКОТ...........................................................................................................90

Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Ирена Китанова, Даниела Коцева
ВИДОВИ АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ МЛАДИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ……................95

Емилија Угриновска, Билјана Илиев
СПОСОБНОСТИТЕ НА НАСТАВНИКОТ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ СО ПСИХОСОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ .........................................................................................100

Киро Јорданов
ДИСЛЕКСИЈАТА - ПРЕДИЗВИК НА 21 ВЕК ………………….............................................104

Трајче Стојанов
КАЛОКАГАТИЈА КАКО ВОСПИТЕН ИДЕАЛ …………………………………………...............118

Милена Ристова Михајловска
ПРЕКУ ХЕРМЕНЕВТИЧКИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ И АНАЛИЗА НА ТЕКСТ, СРЕДНОВКОВНАТА КНИЖЕВНОСТ ПОБЛИСКУ ДО СОВРЕМЕНИОТ ЧИТАТЕЛ, УЧЕНИК И СТУДЕНТ ...................................................................................................................................124

Данче Николовска Вратеовска
СТИЛИЗИРАНИ ФАКТИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ЦИКЛУСИ И ПОТРЕБАТА ОД АНТИЦИКЛИЧНА МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА…………………………….................134

**УДК 37.011.3-051-027.561-022.32**
**Прегледен труд**

# ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ПРОФЕСИЈАТА - УЧИТЕЛ

**Снежана Мирасчиева[1], Емилија Петрова Ѓорѓева[2], Даниела Коцева[3], Ирена Китанова[4]**
**[1,2,3,4] Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**

**Апстракт**
Општествените промени и барањата како нивна последица пред учителот поставуваат нови предизвици и перспективи. Менување и богатење со нови знаења, развивање нови вештини, креирање нови односи се предизвик за учителот. Формалното образование не е доволно за да се соочи со нив. Перспективата на професијата учителот треба да ја бара во филозофијата на доживотно учење и континуиран развој.
**Клучни зборови:** учител, доживотно учење, професионален развој.

# CHALLENGES AND PERSPECTIVES OF A TEACHER'S PROFESSION

**Snezana Mirascieva[1], Emilija Petrova Gjorgjeva[2], Daniela Koceva[3], Irena Kitanova[4]**
**[1,2,3,4,] Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" Stip**

**Abstract**
Social changes and demands as their effect set new challenges and perspectives before the teacher. Changing existing and enrichment with new knowledge, developing new skills, creating new relationships – al these are challenges for any teacher. Formal education is not enough to face them. The teacher should look for the perspective of his/her profession in the philosophy of lifelong learning and continuous development.
**Keywords:** teacher, lifelong learning, professional development.

.

## Вовед

Брзите промени во општеството, науката и економијата пред образовниот систем поставуваат барање за брзо ажурирање на знаењата и вештините поради соочување со предизвиците во 21 век. Успехот на индивидуата, групата, институцијата и заедницата е определени од постојаното унапредување на знаењата. Претпоставките на кои се гради „општеството на знаење“ се мотивацијата, способноста за натамошно учење и можноста за пристапи кон новите знаења. Тоа е всушност темелот на кој се гради европската образовна политика, идеализирајќи го моделот„општество кое учи“ (Green paper, 2001). Општество кое тежнее кон успех мора да создаде услови за доживотно учење и поддршка на поединецот кој учи. Сето тоа влијае на работата на воспитувачите, наставниците, стручните соработници изразено во потребата за нови знаења и вештини како: ИКТ, инклузија, интеркултурна комуникација, партнерство со родителите, познавање на странски јазик, рефлексивна практика. Новите подрачја на знаења и вештини доделуваат нови улоги на учителите. Покрај тоа нивната основна задача е да ги подготват децата за живот и работа во современи динамични услови каде способноста за доживотно учење и учење во интеракција со другите е основна претпоставка за економска успешност и

социјална кохезија. Од тука во фокусот на професионалните активности на учителот се диференцираат професионални активности кои обезбедуваат поддршка на учениците во развојот и учењето, флексибилност и отвореност за нови предизвици, способност за самоанализа на сопствената практика и поставување на нови цели за иден развој. Во тој контекст се размислувањата во трудот за тоа кои се предизвиците и перспективите на професијата учител.

**За професијата учител**

*„Образованието во основа е*
*уметност, а учителот го изразува*
*највисокиот поим на таа уметност, кога ја*
*чува од опасноста да се претвори во*
*рутина и да стане летаргична“*
*Ozmon A.H.и Craver M. S*

Терминолошката јасност на поимите учител и наставник ќе се обидеме да ја претставиме од две перспективи. Зошто го истакнуваме поимот учител?!. Учителот учи и поучува. Делот кој се однесува на тоа дека учителот учи е во целост контекстуално со народната поговорка „Човек учи додека е жив“, а втората страна дека учителот поучува станува збор за индивидуална конотација на професијата учител, односно учителот ги поучува учениците споделувајќи го своето знаење и искуство при тоа вдахнувајќи го своето „внатрешно јас“, емоции, насмевки, грижа и радост, тага и задоволство во наставата и надвор од неа. Во литературата поимот наставник се определува како стручно оспособено лице кое планира, организира и реализира настава. Тогаш учителот стои пред наставникот, затоа што согласно ваквите определби наставникот е оспособен само за настава, а учителот е оспособен повеќе од него. Втората перспектива се движи во синтагмата „квалитетно училиште“ и „ефикасно и ефективно образование“. Пренагласувањето на овие синтагми ја „заробија“ вистинската улога на учителот, неговата улога на воспитувач и го трансформираа во наставник. Па тогаш колку наставникот е учител или колку учителот е наставник. Од тука и оправданоста за употребата на поимот учител во нашите размислувања претставени во овој труд. Успехот во секоја професија е сам по себе разбирлив и истиот се пренесува и кај учителската професија. Во литературата што ја консултиравме, професионализмот се определува низ трите компоненти како знаење, автономија и одговорност кои се развиваат во текот на професионалниот развој низ континуирано учење, јакнење на автономијата и преземање на одговорноста. Поимот професија се употребува за да се означат оние кои се високо обучени, компетентни, специјализирани, посветени на работата и ефикасни, така што ја имаат довербата на јавноста. (Popkewitz, 1994). Во таа смисла е и една од карактеристичните определби на професионализмот според која професионализам значи да се има теориски и практични знаења и умеења во одредена област, да се биде професионално независен, да се има способност за донесување одлуки кои се темелат на добро познавање на феноменот, да се предвидат последиците на таквите одлуки и критички да се проценуваат и оценуваат преземаните активности. (Burke, во Bjekić, D., 1999, стр. 25). Инсистирањето кај високите умови во образовните кругови на одредницата дека наставникот е професионалец, значи дека наставникот има специфични знаења и умеења. Од друга страна, професионалецот

има автономија во употребата на тие знаења и умеења и во донесувањето на одлуки. Можеме да набројуваме повеќе одредници кои ќе бараат нови факти од наставничката професија заради нејзино идентификување. Во делот што следи ќе се обидеме да укажеме на високиот професионализам на учителската професија. Анализата на наставничката професија се темели на пет критериуми за професија (Hoyle, во Marinković, S.2010:19) и тоа:

- Социјална функција, колку тоа што го работи учителот има значење за општеството и индивидуата. Според овој критериум несомнено е дека учителствувањето е професија.
- Знаење. Во литературата постои согласност дека учителот мора добро да ја познава содржината на дисциплината која ја предава (стручни знаења). Третманот на наставникот како професионалец, упатува на фактот дека педагошко-психолошките и дидактичко-методички знаења се круцијални и можат да се стекнат низ посебни видови обука и образование. Ако говориме за знаења кои секоја индивидуа може да ги стекне од искуството, тогаш учителскиот позив е занает. Но, не треба да се изгуби од вид дека круцијалните знаења се темелат на теориски модели и концепти кои емпириски се потврдени. Тоа пак е потврда дека учителот е професионалец.
- Автономија на практичар. Теоретската подготвка на учителот неминовно се потврдува низ практиката. Иако на почетокот водена и менторирана, сепак во одреден наставен контекст, учителот има своја автономија. Таквата емпириска автономност само уште еднаш го потврдува тврдењето дека учителот е професионалец.
- Колективна автономија. Се однесува на тоа колку учителите се консултирани во креирањето на образовната политика на една земја.
- Професионални вредности. Тешко можат да се дефинира сет од вредности во учителската професија бидејќи произлегуваат од тоа колку таа професија е употреблива за „клиентите“. Впрочем учителот има многу „клиенти“.

Може да се каже дека за создавање на професијата учителот се значајни следниве моменти:

1. Стекнување солидни општообразовни и општокултурни сознанија;

2. Длабоко навлегување во суштината и содржината на педагошките процеси и појави со посебен акцент на оспособување за наставна и воспитно-советодавна дејност;

3. Стекнување на стручни знаења и вештини поврзани со дисциплината што ќе ја предава учителот и совладување со знаења од науката од која таа дисциплина произлегува. И на крај, овде ќе ги спомене атрибутивни одбележја на професијата учител. Станува збор за описи на она што се очекува учителот да знае и да умее да прави, како и на вредностите од кои се раководи во својата професија. Стандардите, пак, ги опишуваат очекувањата од учителите што достигнале различни нивоа во својата кариера, односно може да се стекнат со звања наставник ментор и наставник советник. Во различни земји се користат различни приоди да се опишат очекувањата од наставниците. Кај нас тие се организирани околу клучните подрачја на работата на наставникот и се надоградуваат на секој нареден кариерен степен. Професионалните компетенции и стандарди се однесуваат на:

А. Професионални вредности;

Б. Професионални знаења и разбирања, како и способностите и вештините кои се групирани во следните подрачја:

- Знаење за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем;
- Поучување и учење;
- Создавање стимулативна средина за учење;
- Социјална и образовна инклузија;
- Комуникација и соработка со семејството и заедницата;
- Професионален развој и професионална соработка.

### Предизвици и перспективи на професијата учител

*„Без да се размисли за она*
*што го работиме, како го работиме*
*и зошто работиме токму така,*
*не можеме да ја унапредиме*
*сопствената практика“*
*J. Dewy*

Еден од предизвиците на професијата учител кој во исто време е и перспектива за натамошен развој е професионалниот развој. Професионалниот развој е процес на образование, обука, учење и поддршка во надворешна или работна средина во која учествуваат квалификувани професионалци. Целта е промоција на учењето и развој на професионалните знаења, вештини и вредности кои помагаат во одлучувањето и реализирањето на промените во однесувањето, делувањето и ставовите во насока на ефикасна работа. Со овој процес ќе се постигне баланс меѓу индивидуата, институцијата и националните потреби ( Bolam, 2002). Ги опфаќа сите фази на кариерата, од почетник до искусен професионалец. Во текот на процесот на професионалниот развој се одвива процес на стручно усовршување кое преставува планиран настан, од подредени активности, истакнува Деј (Day,1999). Затоа професионалниот развој е една од перспективите на професијата учител. Често се поставува прашањето зошто е потребен професионалниот развој на учителот и кога завршува тој процес. Наставата е процес кој се темели на современите научни сознанија, па аналогно на тоа и учителот треба да ги познава современите научни достигнувања и истите да ги применува во наставата. Ова е сосема доволен аргумент со кој се потврдува фактот дека професионалниот развој на учителот е општествено детерминиран. Сепак причините кои ја наметнуваат потребата од професионален развој на учителите се разновидни, но во исто време и тесно поврзани меѓу себе и се содржани во потребите на: општеството, поединецот и на професијата учител. Кога говориме за потребите на општеството како причини кои го иницираат професионалниот развој на учителот овде првенствено мислиме на општествената заедница во нејзината комплексност од научни и техничко-технолошки сознанија и социјално- културно односи. Промените во неа се иницијален двигател на прашањето за професионален развој на поединецот како дел од заедницата. Исто така потребата за професионален развој се наоѓа во самата индивидуа. Имено, потребите на единката како фактор се однесуваат на потребата на инивидуата за придонес во развојот на заедницата, но и за свој личен развој. Од тука потребите на поединецот можат да се проучуваат од аспект на личен и стручен (професионален, кариерен) развој. Професионалниот развој на учителот е определен и од правилната распределба на работното место, успешната адаптација и изборот на соодветно усовршување. На него директно влијаат факторите на работното место (задоволство од работата, меѓучовечки односи, награда и бенефиции), фактори поврзани со организацијата (финанскиска моќ, технологија, начинот на

управување, услови за усовршување и можности за напредување) како и фактори вон работното место (семејството, пријателите, опкружувањето, желбата и користењето на слободното време). Исто така не треба да се исклучи општествено-политичкото и културно опкружување, кое со усвоениот систем на вредности дефинира и фаворизира општествено пожелни позиции и кариери. Затоа со право може да се заклучи дека учителската професија е сложена и специфична. Во прилог на ова доволен е фактот што учителите работат со ученици-млада популација која е носител на иднината на едно општество, кои во училиштето доаѓаат со различни предзнаења, индивидуални способности, интереси и можности со што во целост се потврдува фактот за специфичноста на учителската професија. Го поставивме прашањето за тоа кој е моделот на професионално компетентен учител. Денес се говори за разновидни модели на професионалниот развој на учителот кои ги имаат следните карактеристики: се темелат на конструктивизмот – учителот е активен учесник и ученик; е долготраен процес - учителите учат подолг временски период; се реализира во училиштата и надвор од нив како заедници на ученици и е во согласност со дневните активности на учениците и учителите; е согласен со системските реформи и со процесот на културна изградба на училиштата; на учителите се гледа како на рефлективни практичари - како на лица кои се насочени на професијата и кои ги градат своите знаења на претходните знаења и искуства; професионалниот развој е соработнички процес различен од другите, адаптиран на конкретната ситуација и можностите. Постојат три главни модели за професионалниот развој на наставниците и тоа: *стандардизиран* - многу централизиран пристап кој најчесто се применува за дисеминирање на резултатите и вештините кај повозрасните учители. Подразбира реализација на работилници, тренинг сесии и многу случаи на т.н. каскаден модел. Подразбира реализација на активности кои подразбираат учесниците да ги споделуваат вештините и знаењата со поголема група на едукатори, лице в лице или мултимедијално. Насочени се кон изнесување на идеи и демонстрирање и моделирање на вештини; нудат можности за запознавање со новите идеи, со новите начини на реализација на активностите, овозможуваат запознавање на колегите, пријателства, дисеминацијата на знаењата, инструктивните методи кои ги применуваат поодделни учители-практичари во регионот, па и пошироко. Често овозможуваат поставување на соодветни проектни активности и нивна посеопфатна реализација. Целта им е: дисеминирање на информациите на што е можно поширок круг на учители; воведување на учителите во компјутерите, интернетот и стратегиите за примена на овие алатки; градење на свеста за добра и успешна практика; оспособување со нови знаења, вештини, стратегии; *целенасочен* - подразбира интензивно учење на учителите во училиштето или регионот, насочен кон долготрајни промени во инструктивните методи. Се реализира најчесто во училиштата, ресурсни центри или останати тренинг центри. Учителите работат со фасилитатори или мастер наставници со намера стекнување на повисоко ниво во развојот на нивните технолошки вештини, како фасцилитатори, инструктори, е насочен кон содржините на курикулумот, постигањата, изведбата и технологиите. Овозможува: воочување на неопходните услови и барања во одредена локална средина во одреден временски период; ги охрабрува индивидуалните ницијативи и ги поддржува соработничките пристапи кон проблемите; поддржува флексибилен и интензивен професионален развој; секогаш води кон промени и бара подолго време за реализација, а фасилитаторите се секогаш подготвени да помогнат за пронаоѓање на ресурси во нивната околина; и <u>личен развој</u> - независност на учењето, понекогаш инициран од поединецот, кој ги користи расположливите ресурси кои можат да

вклучуваат комјутери и Интернет. Подразбира истакнување на сопствените цели и селектирање на активности кои ќе овозможат реализација на поставените цели. Подразбира гледање на примери на поучување и учење во училница, читање на стручна литература, студии на случај, посета на on-line курсеви, или опсервирање на јавни часови на колегите. Многу учители го практикуваат овој начин на професионалниот развој, барајќи соодветни планови на Интернет или помош од соодветни стручни владини и невладини организации. Во суштина, професионалниот развој на наставниците поминува низ неколку периоди:

- искуства стекнати од улогата на ученик. Првите искуства почнуваат во семејството и училиштето каде наставниците се развиваат како ученици,
- формално професионално образование (во образовен контекст е застапено училиштето како практикум и извор на теориски академски знаења),
- приправник (ова е период на социјализација во професијата, период во кој почетникот станува експерт со механизмот на акултурација во светот на професионалците),
- професионална автономија. Во овој период настанува ослободување од стегите на неискуството и несигурност и впуштање во експериментирање и истражување.

Професионалниот развој на наставниците е тесно поврзан со училиштето во сите негови периоди. Од тука и се говори за неговиот образовен контекст. Професионалниот развој на наставниците е содржан во реформите во воспитанието и образованието. Тоа значи дека концепцијата за професионален развој на наставниците има голема важност во целокупната образовна политика. Содржината на концепцијата мора да ги следи барањата и потребите на актуелните збиднувања во сферата на образованието и општеството во целост. Зошто е потребна концепцијата за професионален развој на наставниците? Затоа што прашањето за професионалниот развој на наставниците не губи од својата актуелност. Со цел да се обезбеди солидна платформа за развој на училиштето, повеќе од нужно е да се изработи концепција за професионален развој. Всушност ваквата концепција е продукт на потребите на заедницата за следење на промените кои се случуваат во неа. Така динамиката на развојот на заедницата ја наметнува динамиката на усовршување и перамнентен развој на сите нејзини сегменти, нагласувајќи ја потребата од перманентно иновирање на наставната работа, знаењата и способностите на наставникот. Концепцијата за професионален развој на наставниците мора да соодветствува со реформите во воспитанието и образованието на макро и микро план. Концепцијата мора да биде еластична и широка со цел да се опфатат сите потреби и профили на наставници. Во содржината на самата концепција е потребно да се опфатат актуелни теориско-емпириски прашања од педагогијата, андрагогијата, дидактиката. Посебно е важно концепцијата да се операционализира на ниво на оперативни програми за професионален развој. Професионалниот развој може да се организира низ разни форми со разновидна содржина. Креирањето на можности за професионален развој подразбира можностите да се усогласат со постигнување на амбициозни образовни цели и можности за поддржување на идеите на оние кои што учат. Наставниците многу често имаат потреба повеќе време да учат од нивните колеги, критички да ги проверуваат новите стандарди и ревидираат курикулумите. Тие бараат можност да ги развиваат и рефлектираат новите пристапи во наставата. Од тука како форми кои можат да се користат во функција на професионалниот развој на наставниците се: формирање групи кои учат (study groups), работа во групи,

учество на семинари, акциони истражувања, заедничко планирање на часот, средби со здруженија од заедницата, обука на други наставници, состаноци на стручни активи, работа во мали тимови за проучување теми за унапредување на наставата, набљудување на часови, соработка со колеги од други училишта, отворени часови, тимска работа (team teaching). Вложувањето во професионалниот развој претставува инвестиција во која покрај финансиите се вложува работа и напор. Изборот на образовниот профил, лиценцираните обуки и тренинзи ги прошируваат можностите за професионален развој на учителите. Перспективата на професијата учител неминовно е поврзана и со кариерниот развој. Затоа и говориме за кариерен план чија основна цел е визуелизирање на она што го сака, да бидеме во тек со тоа што го прави и да го ревидира она што го направил учителот. Со ваквиот тип на план ќе се фокусира на личните цели и ќе го најде најдобриот начин да ги постигне. За да биде ефективен во потполност, потребно е планот да се ревидира во редовни интервали заради неговата точност, соодветност и реалистичност. За да послужи на целта за која е направен, индивидуалниот кариерен план треба да има своја структура која ќе обезбеди редоследност на чекорите во планирањето.

**Наместо заклучок**

Најблагородна и најодговорна е професијата учител. Учителот е објект на набљудување секојдневно и предмет на вреднување на различни оценувачи, родители, ученици, и сите субјекти во неговото опкружување. Поради одговорноста што ја има пред заедницата и местото во самата заедница, почитувањето и статусот на учителот заслужува внимание на сите заинтересирани субјекти околу него.

**Литература**


- Банчотовска,Н.С.(2008). Професионалните компетенции на наставниците. Скопје: Академски печат
- Kevereski, L. (2007). Professional Inductions of Teachers in Europe and Elsewhere, Apprenticeship in education in the Republic of Macedonia, Between Theory and Practice, Edited by Milena Valensic Zuljan and Jane Vogrinc, Ljubljana
- Marinković, S.(2010). Profesionalni razvoj nastavnika i postignuća učenika. Užice:Učiteljski fakultet
- Република Македонија (2016). Сеопфатна стратегија за образованието за 2016 - 2020 година и Акциски план (прва работна верзија). Скопје: МОН
- Fullan, M., Hargreaves, A. (1992). Teacher development and educational change, London: Falken press
- Fullan, M., (1991). The new meaning of educational change, New York: Teacher college press